# Царскиот кодекс



## Восхитувачка авантура

*Водич низ Библијата*

Замисли си како истражуваш некоја длабока, таинствена пештера! Внатре е студено, влажно, и лизгаво. Го слушаш капењето на водата, воздухот е тежок за дишење. Додека осветлуваш наоколу со својата лампа, гледаш чудни сенки од испакнувањата на карпите што висат од таванот на пештерата наречени сталактити, и убавите сталагмити кои се издигаат од подот во пресрет кон нив. Ги гледаш, исто така, прекрасните кристални формации на ѕидовите и џиновските камени столбови кои изгледаат како да се направени од злато. Одеднаш, некаде во аголот, здогледуваш некаква стара дрвена кутија. Го отвораш капакот и, на твое големо изненадување, таа е полна со златници! Ти штотуку откри старо скриено богатство. *Зар не би било вистинско доживување да ти се случи една ваква авантура?*

Дали знаеше дека најголемото изгубено богатство на светот е исто така сокриено во пештера? Некаде во Светата земја еден златен сандак е скриен повеќе од 2500 години. Но, вистинското богатство не е самиот златен сандак, туку тоа што е во него. Какво е тоа восхитувачко богатство и зошто е сокриено во таа пештера?





## Брзи факти

**Во октомври 2004-та, тим од храбри спелеолози, се спушти во една од најдлабоките пештери во светот по име Крубера, која се наоѓа близу Црното море. Им требаа 14 дена за да се спуштат до најдлабоката точка од 2080 метри, и со тоа да постават нов светски рекорд за најдлабоко спуштање во историјата. Тоа е повеќе од 2 километри под земја!**

Околу 600 години пред Исус да се роди, царот на Вавилон, Навуходоносор, ги повел своите армии кон градот Ерусалим. Во градот постоел храм, а во храмот се наоѓал златен сандак наречен Ковчег на заветот. Во овој ковчег имало две камени плочи на кои лично Бог го напишал Кодексот на неговото царство - **Десетте заповеди**. Во тоа време посветените свештеници го скриле ковчегот во некоја пештера, за да не може Навуходоносор да го украде или уништи.

Изгледа дека свештениците што го скриле, умреле заедно со нивната тајна, бидејќи оттогаш никој го нема видено Ковчегот. Тој можеби е сè уште скриен и само чека да биде пронајден.

***Но, дали тоа значи дека пораката на Божјиот кодекс е засекогаш изгубена?***

Ајде да започнеме една нова авантура низ Библијата и да го откриеме тоа!

На почетокот, ајде да се помолиме за Бог да нè поучи и да ни помогне да го разбереме неговиот Збор. Би можел да речеш:

*„Драги Боже, те молам помогни ми да ја дознаам вистината за Тебе и Твојот посебен закон. Помогни ми да научам како да ти бидам послушен. Во Исусово име, амин.“*

# 1 Како дојде до нас Законот, односно „Царскиот кодекс“?

Одговор: ***„Кога Господ го сврши својот разговор со Мојсеја на Синајската Гора, му даде две плочи на Сведоштвото, камени плочи, напишани со Божјиот прст“ (2. Мојсеева 31,18). „Плочите беа Божјо дело; писмото беше Божјо писмо врежано на плочите“ (2. Мојсеева 32,16).***

## Брзи факти

**По поминувањето на Големите рамници во деновите на златната треска во Америка, многу од пионерите запреле кај местото наречено Регистер Рок во Ајдахо, за да ги врежат своите имиња во џиновската песочна карпа. Некои од тие имиња и денес, по повеќе од сто години, сè уште можат да се прочитаат. Но, повеќето од нив се избришани од дождовите и ветрот.**



## Ауу!

Бог лично му зборувал на Мојсеј и потоа му дал две камени плочи кои биле напишани

*„со________________ ____________.“*

Дали некогаш си пишувал со прстот по песокот на некоја плажа? Но,... одеднаш доаѓа бран и брише сè што си напишал! Напишаното на песок не трае долго, зар не? Затоа Бог употребил камен за да го запише својот Кодекс на него.

Десетте заповеди се толку важни што Бог ги запишал на цврст камен со својот сопствен прст. Тоа ни покажува дека неговиот Закон е вечен. Иако тие камени плочи се во Ковчегот на заветот скриен во некоја пештера, светите зборови кои Бог ги напишал на нив, се достапни за секого. Ние можеме да ги читаме денес во Библијата!

# 2 Но, зошто Бог ги дал Десетте заповеди?

Одговор: ***„Законот ни беше наш воспитач до Христа“ (Галатите 3,24). „Кој го пази Законот е блажен“ (Изреки 29,18). „Твоето срце нека ги чува моите заповеди, зашто ќе ти ги продолжат деновите и годините на животот и ќе ти додадат мир“ (Изреки 3,1. 2).***

**Тоа се многу работи. Ајде да ги наброиме:**

- Законот нè води кон Х_________.
- Неговото држење нè прави с________.
- Послушноста кон законот ни дава долг ж_______ и м______.

Бог вели дека ти ќе добиеш *„благослов, ако ги слушате заповедите на Господа“ (5. Мојсеева 11,27).* **Ауу!**

*„Ако ми се покорувате верно и го држите Мојот Завет, вие ќе ми бидете посебна сопственост, покрај сите народи… свет народ“ (2. Мојсеева 19,5.6).*

Не само што ветува дека ќе нè благослови ако ги држиме Десетте заповеди туку Бог, исто така, вели дека **ние** ќе бидеме Негово посебно богатство. ***Дали би сакал да бидеш Божје посебно богатство?***

Да имаш добар пријател е како да имаш прекрасно богатство. Со својот пријател можете да правите разни нешта, како, на пример, да споделувате тајни и да си поминувате убаво време. Бог сака ти да бидеш негов посебен пријател. Тој сака да има блиска заедница со тебе, за да можеш да бидеш среќен и да уживаш во сите убави нешта што Тој им ги ветил на сите кои го љубат.

### Брзи факти

**Во 1980 година, еден човек и неговата сопруга копале руда покрај нивната комбе-приколка близу до Веденбурн, Австралија и ја пронашле најголемата и најдрагоцена златна грутка на светот. Оваа грутка наречена „Рака на верата“, е голема колку едно бебе и тежи повеќе од 27 килограми!**





# 3 Зошто не можеме да го видиме Бога?

ОДГОВОР: ***„Вашите беззаконија*** [гревови] ***создадоа разделба, меѓу вас и вашиот Бог. Вашите гревови го сокрија неговото лице“ (Исаија 59,2).***

Сети се на претходната лекција: сатаната проговори преку змијата за да ја искуша Ева, па таа и Адам му станаа непослушни на Бога и мораа да го напуштат својот прекрасен дом во градината. Ете, тоа е причината зошто сега не можеме да го видиме Бога лице в лице... и зошто не живееме со него. Гревот направи да не можеме да поднесеме да го гледаме неговото блескаво и сјајно лице. Гревот е, исто така, причина што имаме страв од Божјето свето присуство.



Едно момче требало да помине преку висечки мост кој се протегал преку една клисура. Но многу се уплашило и мислело дека ќе падне. Тогаш неговиот пријател се понудил да оди пред него. Сега, наместо да гледа во клисурата, момчето гледало во грбот на својот пријател. Ова му помогнало безбедно да премине на другата страна.

Исус е нашиот пример, и, ако се фокусираме на Него, ние можеме да одиме без да паднеме во „клисурата“.

Додека размислуваш за ова, како би можел да го наречеш Исус? Цитиран е стихот од Јуда 1,24... но - *ооопс!* - првата буква од секој збор е заменета со буква од друг збор. Подреди ги како што треба, за да се чита правилно.

„дној, ооj соже Оа зе вапази Кд мопнување“

„______ ___ ______ __ __ _______ __ ________.“

## Брзи факти

Дали знаеше дека најбрза птица на светот е Сивиот сокол? Тој може да постигне брзина од над 320 километри на час, додека напаѓа! Најбрзото копнено животно е гепардот кој може да трча 112 км/ч.









Одговор: „Оној, кој може да ве запази од сопнување.“

# Што е тоа грев? И зошто ни е потребен закон?

ОДГОВОР: *„Гревот е беззаконие“ (1. Јованово 3,4). „Зашто преку Законот доаѓа самото познавање на гревот“ (Римјаните 3,20).*

Грев е да се прави нешто со што го прекршуваме Божјиот закон. Божјиот закон е потребен за да ни покаже што е тоа грев и да ни помогне да му бидеме послушни на Бога.

Еден ден група деца биле во посета на зоолошка градина и стоеле близу до кафезот на лавот. Имало висока ограда што ги одвојувала од лавот, а децата не обрнувале внимание на натписот на кој пишувало: „Не допирај ја оградата!“ Тие се тискале до оградата, а некои дури ги протнувале рацете да му мавтаат на лавот кој спиел. Кога чуварот видел што прават децата, бргу дотрчал и им рекол да отстапат назад и да не се приближуваат толку близу до оградата. Децата му рекле: „но, лавот спие и не изгледа многу гладен!“.

Тогаш, ненадејно, како молња, лавот скокнал на нозе и со гласно рикање се нафрлил кон децата. Тие извикале и паднале наназад кога лавот уште еднаш изрикал од глад и удрил со своите канџи по шипките од оградата. О колку ли само благодарни биле децата што имало ограда која ги заштитила од опасниот лав.




Божјиот закон е како силна ограда поставена за да нè штити од ѓаволот. Ако ги држиме Заповедите, ќе бидеме заштитени од гревот и нема да станеме плен на сатанските измами.

## Божјиот закон ни укажува на нашиот грев. Некои од овие зборови значат „закон“, а некои „грев“.

Побарај ги библиските стихови!



**ХОРИЗОНТАЛНО:**
1. Псалм 19,7 (закон)
2. Римјаните 7,12 (закон)
4. 1. Мојсеева 6,5 (грев)
6. Исаија 59,2 (грев)

**ВЕРТИКАЛНО:**
3. Езекил 21,24 (грев)
5. Неемија 9,13 (закон)
7. Езекил 44,24 (закон)

*„И Господ ни нареди да ги исполнуваме сите овие наредби* [заповеди] *... за да бидеме секогаш среќни и за да живееме“ (5. Мојсеева 6,24).*

*„Зашто смртта е платата за грев“ (Римјаните 6,23).*

Божјите заповеди се дадени за да нè заштитат. Бог ги дал затоа што нè љуби. Законот нè штити од сатаната, кој демне наоколу како гладен лав (1. Петрово 5,8).

**Одговори:** ХОРИЗОНТАЛНО - 1. Сведоштво 2. Заповед 4. Зло 6. беззаконија ВЕРТИКАЛНО - 3. Опачини 5. Уредби 7. Судење

## Зошто Бог ги дал токму овие заповеди?

Одговор: ***„Мило ми е, Господи, да ја исполнувам твојата волја, јас го носам твојот закон длабоко во срцето“ (Псалм 40,8).*** Божјиот закон ни ја покажува неговата волја.

Дали знаеше дека принципите на Десетте заповеди, всушност, покажуваат каков е Бог? Тие се израз на Божјите мисли и ни го покажуваат Неговиот карактер.

Библијата вели: ***„Бог е љубов“ (1. Јованово 4,8).*** И, ако ги љубиме другите, ние го држиме Божјиот закон (Римјаните 13,10).

Библијата кажува дека Бог е свет, праведен (фер) и добар. (Исаија 5,16; 5. Мојсеева 32,4; Лука 18,19). Таа, исто така, кажува: ***„Законот е свет; а и заповедта е света, и праведна, и добра“ (Римјаните 7,12).***

Библијата вели дека Бог е совршен (Матеј 5,48). Таа, исто така, кажува дека: ***„Господовиот Закон е совршен“ (Псалм 19,7).***

Бог го направил Законот каков што е и Тој самиот: совршен, фер и полн со љубов. Кога Исус бил овде, на Земјата, Тој совршено го држел Законот, така што од неговиот пример можеме да видиме колку е прекрасна една личност која живее според Божјите заповеди. Тој ни покажал пример како да бидеме слични на Бога. Ние секогаш ги имитираме луѓето на кои им се восхитуваме, зар не? Исус сака да ни помогне да го имитираме Него.



**Долу е напишана поедноставена верзија на Десетте заповеди. Ох! Но, по еден збор е изоставен! Избери листа (а, б, или в) во која зборовите кои недостасуваат се во правилен редослед. Потоа напиши ги зборовите и прочитај ги заповедите за да видиш дали звучат точно. Бог е многу прецизен!**

**а.) убивај, прави, изговарај, почитувај, чини, други, кради, лажи, посакувај, празнувај.**

**б.) лажи, посакувај, други, прави, празнувај, почитувај, убивај, кради, изговарај, чини.**

**в.) други, прави, изговарај, празнувај, почитувај, убивај, чини, кради, лажи, посакувај.**

1. Немај ___________ богови.
2. Не си ___________ идоли.
3. Не го _________ Божјето име напразно.
4. ___________ ја Саботата.
5. ___________ ги родителите.
6. Не ___________.
7. Не ___________ прељуба.
8. Не ___________.
9. Не ___________.
10. Не ___________ туѓо.

**Одговор:** в.) други, прави, изговарај, празнувај, почитувај, убивај, чини, кради, лажи, посакувај.

# 6 Дали Бог се менува? Дали неговите заповеди се менуваат?

Одговор: ***„Јас, Господ, не се менувам“ (Малахија 3,6). „Тревата се суши, цветот овенува, но Словото на нашиот Бог останува довека“ (Исаија 40,8). „Небото и земјата ќе поминат, но моите зборови нема да поминат“ (Лука 21,33).***

Некои луѓе велат дека поради тоа што Исус умрел на крстот за нашите гревови, нема повеќе потреба да ги држиме Десетте заповеди. Но, тоа не е вистина! Една од Божјите заповеди вели: „Не кради!“. Што би помислил ако некој ти го украде велосипедот и ти рече дека може да си го задржи, бидејќи Десетте заповеди не мора веќе да се држат?

Законот нѐ заштитува и ја обезбедува среќата на сите, вклучувајќи те и тебе! Исус рекол дека не дошол да го укине законот, туку да ни даде пример како да го држиме (Матеј 5,18).

Ние често размислуваме за средновековните витези со почит. Луѓето пишувале поеми, песни и балади за нивната храброст, сила и лојалност. Во тоа време било навистина голема чест да се биде витез. Тие носеле сјајни оклопи и јавале на брзи коњи. Не можел секој да биде витез, тие морале да почитуваат строг кодекс на честа. Еве дел од тој кодекс:



Само оние кои би избрале да живеат според овој кодекс можеле да бидат царски витези. Стандардот бил висок, а работата опасна.

## Кодекс на честа

*Брани ги оние кои не можат да се бранат самите,*

*Грижи се за сирачињата и вдовиците,*

*Покажувај почит кон Бога,*

*Покорувај им се на властите,*

*Секогаш кажувај ја вистината,*

*Биди фер и чесен кон секого,*

*и никогаш не се повлекувај пред непријателот.*

Но, иако не било лесно да се биде витез, тие сметале дека е голема чест да му служат на својот цар.

Христијаните исто така имаат кодекс на честа; тој се вика љубов и се наоѓа во Десетте заповеди. Нашата лојалност не е кон земски цар, туку кон Царот Исус. ***Дали христијанскиот кодекс на однесување е важен?*** О, да! Далеку поголема чест е да се биде христијанин и да се живее за Исус, отколку да се биде витез и да се служи на земски цар.



# 7 За што, всушност, станува збор во Десетте заповеди?

Одговор: Десетте заповеди можеш да ги прочиташ во Библијата, во 2. Мојсеева 20 глава. Тие прво биле запишани на камени плочи со Божји прст. Потоа Мојсеј ги препишал во Библијата. Но, знаеш ли дека луѓето знаеле за Десетте заповеди долго пред тие да бидат напишани?

Вистина е! Тие постоеле од самиот почеток на времето. Тие ни го откриваат Светиот Кодекс на љубов на нашиот Цар Исус. Еве како Тој ги сумирал првите четири заповеди:

***"Љуби Го Господа, својот Бог - со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сета своја сила и со сиот свој ум" (Лука 10,27).***

1 Во **првата** заповед, Бог кажува дека не треба да имаме други богови освен Него (2. Мојсеева 20,3). Со други зборови, Бог треба да ни биде број еден, поважен од сè друго.

2 Во **втората** заповед, Бог ни кажува дека не треба да правиме идоли или да им се клањаме (2. Мојсеева 20,4.5). Ние треба да ја почитуваме Неговата појава.

3 Во **третата** заповед, Бог ни кажува да не го земаме неговото име напразно (2. Мојсеева 20,7). Ова значи дека треба да го почитуваме неговото име и никогаш да не го изговараме безгрижно или за заколнување.

4 Во **четвртата** заповед, Бог нè потсетува да ја празнуваме саботата како свет ден (2. Мојсеева 20,8). Ако го љубиме Бога, ние ќе се сеќаваме да го почитуваме седмиот ден како посебно време кое ќе го поминуваме со Него.



**Пополни ги празните полиња на камените плочи за да ги комплетираш Десетте заповеди. Дали знаеш дека учењето на Десетте заповеди напамет ќе му помогне на Бога да ги запише истите во твоето срце?**

- лажно
- татко
- посакувај
- прељуба
- кради
- мајка
- убивај
- името на својот Господ Бог
- Немој да им се клањаш
- други богови
- празнуваш саботниот ден






Вака Исус ги сумирал вторите шест заповеди: ***„Љуби го… својот ближен како себеси“ (Лука 10,27).***

Во Десетте заповеди Бог наведува посебни начини на кои можеме да ги љубиме другите како себеси. Во петтата заповед Бог ни кажува да ги почитуваме нашите татко и мајка (2. Мојсеева 20,12). Тоа значи дека треба да ги сакаме, почитуваме и да им бидеме послушни.

Во шестата, седмата и осмата заповед Бог ни кажува да не убиваме, да не правиме прељуба и да не крадеме (2. Мојсеева 20,13–15). Тоа значи дека треба да ги почитуваме животот, меѓусебните врски и сопственоста на нашите ближни.

Во деветтата и десеттата заповед Бог ни кажува секогаш да бидеме искрени и никогаш да не кажуваме лаги, ниту да посакуваме нешто што му припаѓа на некој друг (2. Мојсеева 20,16.17).

Кодексот на нашиот Цар е за љубовта и почитта кон Бога и кон другите луѓе.

Ако сакаме некого, дали ќе го повредуваме него или неговиот имот? Се разбира, не! Ние ќе сакаме да му угодиме и да го усреќиме. А, ако го сакаме Исус, ние ќе сакаме да го усреќиме. Тој вели: ***„Ако ме љубите, ќе ги пазите моите заповеди“ (Јован 14,15)***, и ***„како што Јас ве љубев вас, така и вие да се љубите еден со друг“ (Јован 13,34).*** Колкава е таа љубов? ***„Јас го давам мојот живот за овците“ (Јован 10,15).*** Ете, толку многу Тој нè сака! А сега знаеме што го прави среќен: да го љубиме Него и другите луѓе, како што Тој ни кажува во Заповедите.



# 8 Како можеме да ги држиме Десетте заповеди?

Одговор: ***„За Бога сè е возможно“ (Матеј 19,26).***

Десетте заповеди ни ја покажуваат нашата вистинска духовна состојба. Како некое огледало, тие ни ги покажуваат нашите гревови и погрешки. Тие, исто така, ни помагаат да ја согледаме нашата потреба од спасение преку Исус. Ние сами не можеме да ги држиме заповедите, но ако Исус живее во нас - можеме!

***„Зашто смртта е плата за грев, но благодатниот Божји дар е - вечен живот во Христа Исуса, нашиот Господ“ (Римјаните 6,23).***

Иако сите сме го прекршиле Божјиот закон и заслужуваме смрт, Исус доброволно умрел наместо нас за да може да ни биде простено. Тоа е добра вест, зар не? Библијата вели: ***„Ако ги исповедаме своите гревови, Тој* [Бог] *е верен и праведен: да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секоја неправда“ (1. Јованово 1,9).***

Потоа, за да ни помогне да го држиме Царскиот кодекс, Исус ни нуди нешто што средновековните витези никогаш го немале! Тој вели: ***„Ќе ги вложам своите закони во нивниот ум, и ќе ги напишам во нивните срца“ (Евреите 8,10).***

Исус ни ја нуди својата помош! Тој знае дека сатаната, змејот, демне наоколу, подготвен да направи збрка и да направи да скршнеме од правиот пат. Затоа Исус сака да нè оспособи да го држиме неговиот **Кодекс на љубовта и честа**!



*„Но сите ние… гледајќи ја, како во огледало, славата Божја, се преобразуваме во ист лик“**
*(2. Коринќаните 3,18).*

*Според превод од англиски - King James

Исус може дури да го промени нашето срце, за да можеме да го љубиме него и да ги љубиме и да се грижиме за другите, како што Тој нè љуби нас! Тоа значи дека, ако продолжиме да гледаме на Исус и неговиот славен живот, ние ќе се промениме и ќе станеме слични на него. ***Зар тоа не е супер!?***

Ако заглавиш, еве ти ги зборовите, напишани правилно:

грев вест живот води излез променам срцето



Овој параграф е заклучок на сè што научивме на оваа страна. Ох, некои зборови не се баш правилно напишани! Смени го редоследот на буквите за да бидат точни.

(За помош погледни на листата со зборови лево од огледалово.)

„Потребна ми е промена на роцест! Без Бога целиот витож ми е збрка! Ако негувам врег во срцето, тој ќе ме двои во смрт. Мора да постои некој злези! Да, има добра свет. Јас не можам самиот да се момперан, но Исус може да ме промени“.

**Одговор:** Потребна ми е промена на **срцето**! Без Бога целиот **живот** ми е збрка! Ако негувам **грев** во срцето, тој ќе ме **води** во смрт. Мора да постои некој **излез**! Да, има добра **вест**. Јас не можам самиот да се **променам**, но Исус може да ме промени.

## 9 Дали сакаш да бидеш сличен на Исус?__________

ПРОДОЛЖУВАМЕ СО ПАТУВАЊЕТО...

## Што можам да сторам кога сатаната ме искушува да го прекршам Божјиот закон, било преку околностите, било преку некој мој пријател?

Одговор: Запомни ги Божјите зборови од Библијата:

*„Бог е верен и не ќе дозволи да бидете искушувани над вашите сили, туку заедно со искушението ќе ви даде и излез, за да можете да го издржите“ (1. Коринќаните 10,13).*

*„Те љубам со вечна љубов“ (Еремија 31,3).*

*„Ако ме љубите, ќе ги пазите моите заповеди“ (Јован 14,15).*

*„Кој го пази Законот е блажен“ (Изреки 29,18).*



***Дали уживаше во оваа лекција?*** Се надеваме дека е така!
Провери го сега своето знаење со **КВИЗ ПРАШАЊАТА.**



# Квиз прашања

Прочитај ја лекцијата пред да одговориш на прашањата. Внимавај, некои прашања имаат повеќе точни одговори. Бројот на точни одговори за секое прашање е обележан со црвена боја.

**1. Бог ги даде Неговите заповеди за да: (5)**

- ◯ а) бидеме среќни
- ◯ б) за да мораме да одиме во затвор
- ◯ в) за да нè заштити од гревот
- ◯ г) за да нè доведе до Христа
- ◯ д) за да се чувствуваме мизерно
- ◯ ѓ) за да ни обезбеди мирен живот
- ◯ е) за да ни ја покаже својата љубов

**2. Како дојдоа Десетте заповеди до нас? (2)**

- ◯ а) беа пронајдени во пештера во Ајдахо
- ◯ б) Бог со свој прст ги напиша на камен
- ◯ в) Мојсеј ги нашол додека планинарел
- ◯ г) Бог му ги даде на Мојсеј на планината

**3. Каков е Божјиот закон? (5)**

- ◯ а) суров
- ◯ б) свет
- ◯ в) како да е од Хитлер
- ◯ г) добар
- ◯ д) каков што е Бог
- ◯ ѓ) праведен (фер)
- ◯ е) неразумен
- ◯ ж) полн со љубов

**4. Што рекол Бог за промена на Законот - Десетте заповеди? (2)**

- ◯ а) дека е променет при Исусовото раѓање
- ◯ б) дека останува засекогаш
- ◯ в) дека бил наменет само за луѓето од дамнешно време
- ◯ г) дека нема да биде сменет додека постојат небото и земјата

**5. Во Десетте заповеди се работи за тоа: (2)**

- ◯ а) да се сакаш најмногу себе си
- ◯ б) да го сакаш најмногу Бога
- ◯ в) како бргу да се збогатиш
- ◯ г) како да ги сакаш другите на начин како што Бог ги сака



# Твои коментари:

## 6. Кои нови работи ги откри во оваа лекција?

______________________________

______________________________

______________________________

## 7. Дали ја увидуваш Божјата љубов во тоа што ни ги дал Десетте заповеди? И дали сакаш да му ја покажеш својата љубов на Исус со тоа што ќе го држиш Царскиот Кодекс?

______________________________

**Одговори:**

1. Бог ги даде Неговите заповеди за да: :
   **а)** бидеме среќни
   **в)** за да нè заштити од гревот
   **г)** за да нè доведе до Христа
   **ѓ)** за да ни обезбеди мирен живот
   **е)** за да ни ја покаже својата љубов

2. Како дојдоа Десетте заповеди до нас?
   **б)** Бог со свој прст ги напиша на камен
   **г)** Бог му ги даде на Мојсеј на планината

3. Каков е Божјиот закон?
   **б)** свет
   **г)** добар
   **д)** каков што е Бог
   **ѓ)** праведен (фер)
   **ж)** полн со љубов

4. Што рекол Бог за промена на Законот од десет заповеди?
   **б)** дека останува засекогаш
   **г)** дека нема да биде сменет додека постојат небото и земјата

5. Во Десетте заповеди се работи за тоа:
   **б)** да го сакаш најмногу Бога
   **г)** како да ги сакаш другите на начин како што Бог ги сака

Твоето име и презиме ______________________________

Твојата адреса ______________________________

Одобрение од родител / старател ______________ ______________
*име и презиме* *потпис*

ВОСХИТУВАЧКИ ФАКТИ

Откако ќе ги одговориш сите прашања, исечи го листов и испрати го на нашата адреса:

**Дописна библиска школа, Поштенски фах 215, 1001 Скопје**

и очекувај ја следната лекција!